# ГРАДЕЛ ИЛИЈА МАНАСТИР




I

Градел Илија манастир,
во манастирот ќелија.
Градел Илија манастир, оф, аман, аман
во манастирот ќелија.

II

Оздола иде Илина, (2 пати)
оздола иде Илина, оф, аман аман,
и на Илија говори:

III

„Земи ме батко Илија, (2 пати)
земи ме батко Илија, оф, аман аман,
во твојта темна ќелија."

IV

„Не можам, сестро Илино, (2 пати)
што ти се руси косите, оф, аман аман,
и ти играат очите.

V

„Косите ќе ги поцрнам,
очите ќе си ги скротам,
косите ќе ги поцрнам, оф, аман аман,
очите ќе си ги скротам."

Димчевски, Ѓорѓи. Седенка се збира. Скопје: Културно-просветна заедница на Скопје, 1986